ПРАВИЛНИК ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТАЈНОСТ И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Скопје, 27.06.2024 година

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр 03-594/1
27.06 2024 год.
СКОПЈЕ 1

Врз основа на одредбите од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на РМ" бр. 7/05, 103/08 и 124/10), член 94 од Законот за високото образование („Службен весник на Р. Македонија" бр.82/18) и член 72 од Статутот на Европски универзитет Скопје, Универзитетскиот сенат на 130-та седница, одржана на ден 27.06.2024 година, го донесе следниот:

ПРАВИЛНИК ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТАЈНОСТ И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

I. Општи одредби

Предмет на уредување

Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат техничките и организационите мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци што ги применува Европски универзитет Скопје (во натамошниот текст: универзитет).

Дефиниции

Член 2

1. **Контролор на лични податоци** е универзитетот, кој во рамките на делокругот на работењето, а со цел извршување на својата основна дејност во доменот на образованието и науката, врши соборање, чување и обработка на лични податоци.
2. **Личен податок** е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува врз основа на матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, ментален, економски, социјален или културен идентитет.
3. **Субјекти на лични податоци** се кандидатите за запишување заради студирање на универзитетот, лицата кои имаат статус на запишани студенти

или некогаш имале таков статус, како и лица кои се или биле вработени на Универзитетот.

4. **Овластено лице** е лице вработено или ангажирано кај контролорот кое има авторизиран пристап до документите и до информатичко комуникационата опрема.

5. **Офицер за заштита на лични податоци** е лице овластено од контролорот за самостојно и независно вршење на работите во смисла на член 26-а од Законот за заштита на личните податоци.

Права на субјектот на личните податоци

Член 3

Кога податоците се прибираат од субјектот на лични пдоатоци тој мора да биде информиран за:

- задолжителноста на давање на одговори на прашања кои вклучуваат лични податоци;
- постоењето на пристап и право на исправка на личните податоци на субјектот.

Барање на информации од страна на субјектот

Член 4

Субјектот на лични податоци може да побара од универзитетот да го информира:

- дали се врши обработка на неговите лични податоци;
- за целите и правната основа на обработката на личните податоци и корисниците или категориите на корисници на кои им се откриваат личните податоци;
- идентитетот на контролорот и неговиот овластен преставник.

За таа цел субјектот на лични податоци поднесува Барање за доставување информации за обработка на личните податоци до универзитетот, кое се проследува до Офицерот за заштита на личните податоци.

Универзитетот е должен да одговори на уредно доставеното барање од страна на субјектот на лични податоци во рок од 30 дена од приемот на истото.

Доколку универзитетот еднаш одговорил на ваквото барање, нема обврска повторно да одговори на исто или слично барање на тој субјект, ако во меѓувреме нема промени во неговите лични податоци, освен ако изминале шест месеци од денот на доставувањето на претходното барање до новото барање.

Исправка, дополнување и измена на личните податоци

Член 5

По барање на субјектот на лични податоци или кога универзитетот ќе утврди дека личните податоци се нецелосни, неточни или неажурирани,

односно доколку нивната обработка не е во согласност со законските одредби, тој е должен да изврши исправка односно да ги дополни и измени личните податоци.

Кога барањето доаѓа од определен субјект на лични податоци, тој тоа го документира на посебен образец – Барање за исправка, дополнување и измена на информации за обработка на личните податоци.

Субјектот на лични податоци може да го достави барањето до универзитетот и истото потоа се проследува до Офицерот за заштита на личните податоци кој ги собира потребните информации за обработка на личните податоци на субјектот и доставува одговор на барањето.

За извршената исправка, дополнување или измена на личните податоци, универзитетот е должен најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето писмено да го извести субјектот на лични податоци, корисниците на лични податоци или трети лица на кои им се откриени личните податоци, освен ако тоа не е возможно или ако тоа бара несразмерен напор или трошок.

Ограничувања на правата на субјектот на лични податоци

Член 6

Правата на субјектот на лични податоци утврдени во претходните точки можат да се ограничат во посебни случаи кога со нивното практикување ќе се загрози остварувањето на обврските на универзитетот предвидени со закон, и тоа:

- за заштита на националната безбедност;
- одбраната на државата;
- јавната безбедност;
- заради превенција, откривање и гонење на сторители на кривични дела;
- заради превенција, истрага, откривање и гонење на повреда на етички правила за регулираните професии;
- заради заштита на важни економски или финансиски интереси на државата;
- спроведување на барањата во граѓанска постапка;
- заштита на независноста на судовите и судските постапки;
- заради заштита на правата и слободите на субјектот на лични податоци или правата на другите физички лица.

Универзитетот нема да постапи по барањето за доставување на информации за обработка на личните податоци од страна на субјектот на лични податоци кога е овластен согласно со закон и ако личните податоци се

обработуваат исклучиво во научно истражување или ако се собрани исклучиво за утврдени статистички цели и се чуваат за период што не го надминува периодот потребен за единствена цел за создавање на статистички податоци.

Пренесување на личните податоци

Член 7

Субјектот на лични податоци има право на пренесување на личните податоци кои универзитетот ги обработува за него. Ова значи дека субјектот има право да ги добие личните податоци кои ги дал во структуиран, читлив формат и да ги пренесе личните податоци до друг контролор.

Доколку постои можност на ИТ системот и инфроматичката инфраструктура, универзитетот ќе ги достави податоците на барање на субјектот до друг/и контролор/и.

Ова право може да се применува само во следниве околности:

- кога податоците се доставени на универзитетот и
- кога универзитетот се јавува како контролор (обработувач) на личните податоци на субјектот.

Бришење на личните податоци

Член 8

Субјектот на лични податоци има право да побара од универзитетот да ги избрише неговите лични податоци, обврска да ги избришше во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за бришење, ако е исполнет еден од следните услови:

- личните податоци повеќе не се потребни за целите за кои биле собрани или обработени на друг начин;
- субјектот на личните податоци ја повлекува својата согласност врз која се заснова обработката на податоците согласно со член 10, став 1, точка 1 и член 13, став 2 од Законот за заштита на личните податоци;
- субјектот на личните податоци поднесе приговор на обработката на неговите лични податоци согласно член 25, став 1 и 2 од Законот за заштита на личните податоци;
- личните податоци биле незаконски обработени;
- личните податоци треба да бидат избришани со цел почитување на обврска утврдена со закон која се однесува на контролорот.

II. Завршни одредби

Член 9

Автентично толкување на одредбите од овој Правилник, дава Универзитетскиот сенат.

Член 10

За измени и дополнувања на Правилникот се спроведува постапка иста како и при неговото донесување.

Член 11

Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување, од страна на Универзитетскиот сенат.

Претседател на Универзитетски сенат

Доц. д-р Соња Вујасин